ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

# Соопштение за преземени мерки за подобрување на имплементацијата на електронската фактура

Со цел надминување на проблемите кои се јавуваат кај дел од здравствените установи во процесот на имплементирањето на електронскиот начин на фактурирање на реализираните здравствени услуги кон Фондот, за месец септември и октомври 2012 година, на иницијатива на Фондот, на 06.11.2012 година се одржа работен состанок со претставници од неколку ЈЗУ кои имаа технички проблеми во процесот на изготвување на електронскиот документ.

Во таа насока, состанокот резултираше со **преземање на мерки во најкраток рок** од страна на Фондот и објава на сите измени што се однесуваат на електронската фактура на веб страната www.fzo.org.mk во делот на **Техничко упатство за начинот на фактурирање на здравствени услуги во специјалистичко консултативна здравствена заштита** (**http://www.fzo.org.mk/default.asp?ItemID=9A1BC8B0F0236B418641A7FD203C7EBF**) и тоа:

- Изменета и дополнета **листа на лекови** во електронската фактура за дневна болница согласно позитивната листа на лекови.
  **Резултат:** надминување на проблемот кај ЈЗУ за прикажување на аплицираната медикаментозна терапија во дневна болница која е дел од позитивната листа на лекови.

- Дополнување на посебни шифри во електронската фактура за **дејностите кои недостасуваа,** вклучително и инфективна специјалност.
  **Резултат:** Сите ЈЗУ можат да изберат групи на здравствени услуги со соодветни шифри.

- Дополнување на договорните одредби за реагулирање на **сервисните услуги** помеѓу здравствените установи во рамките на Договорите со ЈЗУ за 2013 година со внесување на дополнителен член кој гласи: "При извршувањето на сервисните услуги, здравствените установи кои ги обезбедуваат се обврзани да изготвуваат и електронска фактура во согласност со упатствата на Фондот и истата да ја доставуваат до здравствената установа која е корисник на услугите најдоцна до 5-ти во месецот за претходниот месец".
  **Резултат:** Сите ЈЗУ помеѓу себе покрај писмената фактура ќе доставуваат и електронска фактура.

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО
ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

- Дополна на нова шифра во електронската фактура за искажување на **ослободување од партиципација** за здравствена услуга- скрининг на грлото на матката (ПАП тест) согласно Програмата за рана детекција на малигни заболувања за 2012 година на Министерството за здравство
  **Резултат:** ЈЗУ имаат можност соодветно да го искажат основот на ослободување од партиципација за реализирана здравствена услуга скрининг на грлото на матката (ПАП тест)

- Дополнување во техничкото упатство и измена во електронска фактура на начинот на искажување на здравствените услуги реализирани на **странски осигуреници.** Со прецизирање на начинот на впишување на единствениот матичен број на странските осигуреници (последни шест нули) контролните функции за останатите полиња (број на упат, факсимил и слично) се сведени на минимум.
  **Резултат:** Посебен начин на искажување на реализираните здравствени услуги на странските осигуреници.

**Со почит,**
**ФЗОМ**